# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# Годишен извештај за извозот на оружје во 2005 година







# *РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
## *Годишен извештај за извозот на оружје во 2005 година*

**??**





# ??

?? ..... I
?? ..... 1
Дел 1 - Вовед ..... 2
Дел 2 – Домашно законодавство ..... 3
КОНВЕНЦИОНАЛНО ОРУЖЈЕ ..... 3
Мало и лесно оружје ..... 4
ДВОЈНА УПОТРЕБА ..... 4
ЕМБАРГО НА ОРУЖЈЕ ..... 4
Дел 3 – Вклученост во меѓународни договори ..... 6
Дел 4 – Случувања во изминатата година ..... 7
Дел 5 – Контролна листа ..... 8
Анекс 1 – Дозволи за извоз на мало и лесно оружје ..... 9
1) Одобрени дозволи за извоз на мало и лесно оружје ..... 9
2) Испораки на мало и лесно оружје ..... 9
3) ТРАНЗИТИ НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ..... 10
Анекс 2 – Дозволи за стоки со двојна употреба и извоз ..... 11
1) Дозволи за извоз за стоки со двојна употреба ..... 11



# Дел 1 - Вовед

Ова е досега првиот Извештај за извозот на оружје изготвен од страна на Република Македонија. Македонија унилатерално го прифати Европскиот кодекс на однесување во врска со извозот на оружје во ноември 2004 година. На овој начин, Македонија е обврзана на своите партнери да им го образложи практичното спроведување на својата политика за контрола над извозот на оружје и да обезбеди истото да се врши одговорно и доследно, навремено да споделува прецизни информации и да соработува во врска со оваа проблематика во духот на транспарентноста и добрата волја. Македонија е цврсто убедена дека унапредувањето на контролата над извозот и трансферот на оружје ја зајакнува глобалната, а особено регионалната безбедност.

Во јуни 2005 година започна со работа националната работна група за заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (CFSP), раководена од страна на Министерството за надворешни работи. Мандатот на оваа работна група е да придонесе кон усогласувањето на националната пракса со законодавството на ЕУ во делот на нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика, вклучувајќи ја и контролата над трговијата со оружје. Оваа група досега беше користена како средство за дебатирање и усогласување на ставовите на различните министерства во врска со Извештајот за извозот на оружје, заедничката листа на воена опрема на ЕУ, Законот за рестриктивни мерки итн.

Овој извештај е изготвен во рамките и од страна на гореспомнатата работна група, поточно од претставниците на министерствата за надворешни работи, одбрана, внатрешни работи и економија. Тој се однесува на календарската 2005 година и покрај тоа што во одредени случаи - од логични причини и заради континуитет - вклучени се и настани што се случиле во 2006 година.

Извештајот содржи пет дела и неколку анекси. Деловите се следниве:

Дел 1 - Вовед

Дел 2 – Домашно законодавство

Дел 3 – Вклученост во меѓународни договори

Дел 4 – Случувања во изминатата година

Дел 5 – Национална контролна листа

Анексите се однесуваат на дозволите за извоз на мало и лесно оружје во 2005 година, за испораките и транзитот на вакво оружје, како и на дозволите за извоз и извозот на средства кои имаат двојна употреба.





# Дел 2 – Домашно законодавство

## КОНВЕНЦИОНАЛНО ОРУЖЈЕ

Република Македонија не е ниту производител ниту извозник на конвенционално оружје.

Неколку закони ја уредуваат трговијата со конвенционално оружје, со муниција и со експлозивни материи:

Закон за производство и пренос на оружје и воена опрема (Службен весник на РМ бр. 54/02). Според овој закон, преносот на оружје и воена опрема (увоз и извоз на оружје и воена опрема, полуготови производи, компоненти, делови, материјали за репродукција, суровини и други технички средства) може да го вршат производители на оружје и воена опрема и други компании регистрирани за овој вид трговија, само врз основа на претходно добиена согласност од страна на Министерството за економија, доколку се исполнети пропишаните услови. Министерството за економија води Регистар на компании на кои им се издадени дозволи за трговија со оружје и со опрема.

Законот за трговија (Службен весник на РМ бр. 16/04) во членот 34 пропишува дека Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи издава лиценци за увоз и извоз на оружје и воена опрема. Попрецизно, врз основа на претходно спомнатиот закон, Владата донесе Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (Службен весник на РМ бр. 113/05) според која стоките распоредени на форми на извоз и увоз врз основа на дозвола која е во надлежност на Министерството за одбрана (тешко и лесно оружје и воена опрема за сопствени потреби) и на Министерството за внатрешни работи (оружје и експлозивни материи за комерцијални цели), се означени со знакот Д7.

Во согласност со Законот за оружје (Службен весник на РМ бр.7/05) и Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас (Службен весник на РМ бр. 36/92 и 12/93), Министерството за внатрешни работи го регулира преносот, т.е. увозот, извозот и транзитот на оружје, муниција и експлозивни материи преку државната граница на Република Македонија, во тесна соработка и координација со Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана, притоа во целост почитувајќи ги одредбите на Кодексот на однесување на Европската Унија. Министерството за внатрешни работи во управна постапка донесува одлуки по барања доставени од овластени правни лица во однос на следново: трговија со оружје и муниција; трговија со експлозивни материи; снабдување и транспорт на експлозивни материи; снабдување и транспорт на оружје и муниција; прашања поврзани со верификација на нови видови експлозивни материи итн.

Законот за заштита од експлозивни материи, Законот за превоз на опасни стоки, Правилникот за типот на превоз на опасни стоки во патниот сообраќај, како и Листата на експлозивни материи што може да се пуштаат во промет исто така уредуваат одредени аспекти од оваа материја.

Согласно со Законот за царинската управа (Службен весник на РМ бр. 46/04), Централната управа на Царината на Република Македонија е надлежна за контрола над извозот, увозот и транзитот на стоки во поглед на пропишаните безбедносни мерки.

# Мало и лесно оружје

Ве молиме да го погледнете опсежниот национален Извештај за реализацијата на Акционата програма на Обединетите нации за спречување, борба против и сузбивање на нелегалната трговија со мало и лесно оружје во сите нејзини аспекти, којшто Македонија го достави до Обединетите нации на 12.06.2006 година.

## ДВОЈНА УПОТРЕБА

Од февруари 2006 година, Република Македонија започна да го применува новиот Закон за контрола на извоз на стоки и технологија со двојна употреба, донесен од Собранието во септември 2005 година. Овој закон е во согласност со режимот на Заедницата за стоки со двојна употреба и воена опрема (Регулатива на Европскиот совет (ЕС) бр. 1334/2000 и со последователните амандмани на оваа Регулатива 149/2003, 885/2004 и 1504/2004), којшто ги вклучува меѓународните режими за контрола над извозот на конвенционалното оружје и на оружјето за масовно уништување, како и на стоките и технологиите за двојна употреба (Васенар аранжманот), режимот за контрола над ракетната технологија, Групата на земји-снабдувачи на нуклеарен материјал, Австралиската група и Конвенцијата за хемиско оружје.

Законот го претставува придонесот на Македонија кон непролиферацијата на оружјето за масовно уништување и кон борбата против тероризмот. Предметите и технологиите со двојна употреба подлежат на контрола со цел да се заштитат безбедносните, економските и надворешно-политичките интереси на Македонија, истовремено со јакнењето на меѓународниот мир и исполнувањето на обврските на земјата кои произлегуваат од меѓународните договори.

Законот предвидува донесување на две листи: листа на стоки и технологии со двојна употреба и листа на држави, организации, правни лица или физички лица во однос на кои постојат ограничувања – донесени од страна на Владата во декември 2005 година.

Министерството за економија е одговорно за издавање на дозволи за извоз на стоки со двојна употреба. Ова министерство го координира целокупниот процес заедно со Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Досега не биле примени барања за добивање доволи за извоз на стоки со двојна употреба од страна на заинтересирани компании.

Законот е сеопфатен и предвидува контрола над крајните корисници.

Со Законот е формирана Комисија за извоз на стоки и технологии за двојна употреба со која раководи Министерството за одбрана и која ја сочинуваат претставници на министерствата за економија, внатрешни работи, надворешни работи, Секретаријатот за законодавство, Генералниот секретаријат при Владата и Царинската управа на Република Македонија.

## ЕМБАРГО НА ОРУЖЈЕ

Како земја-членка на Обединетите нации, Република Македонија ја почитува Повелбата на Обединетите нации, која согласно со Уставот на Република Македонија претставува составен дел од нејзиниот внатрешен правен поредок. Следствено, членот 41 од поглавјето VII од Повелбата на Обединетите нации, според која земјите-членки се обврзани да ги спроведуваат рестриктивните мерки за кои одлука ќе донесе Советот за безбедност на Обединетите нации, претставува основна правна рамка за примена на санкциите и рестриктивните мерки на Обединетите нации од страна на Република Македонија.

Почнувајќи од декември 2003 година, Република Македонија редовно се усогласува, на покана на Европската Унија, со заедничките ставови на Европската унија со кои се наметнуваат санкции и рестриктивни мерки, вклучувајќи и ембарго на оружје. Република Македонија мора да обезбеди нејзината национална политика да биде во согласност со овие заеднички ставови.

Надлежните министерства и институции, со одлука на Владата на Република Македонија, спроведуваат рестриктивни мерки и економски санкции врз основа на резолуциите на Обединетите нации и прифатените заеднички ставови на ЕУ. Владата на Република Македонија донесе Одлука во август 2004 година која предвидува дека во случаи каде рестриктивните мерки имаат материјален ефект, т.е. влијаат врз режимот на движење на луѓе, добра, услуги и капитал, Министерството за надворешни работи треба навремено да ја информира Владата за да таа ги донесе неопходните мерки што ќе бидат реализирани од страна на надлежните органи. Владата исто така одлучи овие мерки да бидат објавени во Службен весник на Република Македонија.

Во такви случаи, Министерството за надворешни работи, по извршените консултации со други надлежни тела, доставува Извештај до Владата на Република Македонија заедно со предлог-одлука со која се задолжуваат одговорните тела да преземат соодветни мерки за спроведување на одлуката. Овие одлуки се објавуваат во *Службен весник на Република Македонија*. До моментот на усвојување на Одлуката од страна на Владата, се применуваат меѓународно прифатените обврски за спроведување на санкциите врз основа на оперативната информација од Министерството за надворешни работи до надлежните министерства.

Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии (Царинската управа и Дирекцијата за спречување на перењето пари), Министерството за економија и другите министерства, зависно од карактерот на санкциите, се одговорни за спроведување на рестриктивни мерки и економски санкции.

Одговорните министерства делуваат во рамките на нивните надлежности дефинирани со системскиот Закон за организација и работа на органите на државната управа и материјалните закони кои се однесуваат на конкретни области.

Со цел дополнително подобрување на законската основа и зајакнување на правните механизми за реализација на меѓународно прифатените обврски во делот на санкциите, вклучувајќи ги и ембаргата на оружје, Министерството за надворешни работи во 2005 година поведе постапка за изготвување на Закон за меѓународни рестриктивни мерки. Првата нацрт-верзија беше изготвена и подложена на стручна оценка од страна на TAIEX (Единица за размена на информации за техничка помош) и Европската комисија во првата половина од 2006 година. Нацрт-законот ги дефинира меѓународните рестриктивни мерки, постапките за нивно спроведување, надлежностите и начинот на соработка и координација на државните тела назначени да ги спроведат мерките, го регулира механизмот за вршење мониторинг, собирањето и размената на податоци итн. Истиот се очекува да биде донесен до крајот на 2006 година.

# Дел 3 – Вклученост во меѓународни договори

Македонија е држава -потписничка на сите релевантни меѓународни правни документи со кои се уредува проблемот на оружјето за масовно уништување и забраната за пролиферација на истото, како што се CTBT (Договор за сеопфатна забрана на нуклеарни проби), CWC (Конвенција за хемиско оружје), BTWC (Конвенција за бактериолошко оружје и отрови), NPT (Договор за непролиферација на нуклеарно оружје), документи кои се однесуваат на малото и лесно оружје итн. Македонија со Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA) склучи Договор за заштита во 2000 година, Дополнителни протоколи (AP) во 2005 и Протокол за мали количини (SQP) во 2000 година. Во 2003 година, Министерството за надворешни работи изрази политичка поддршка за PSI (Иницијатива за безбедност од пролиферација) и за нејзините принципи на забрана.

По повод втората средба на Советот за стабилизација и асоцијација одржан во Брисел на 18.07.2005 година, Македонија и ЕУ усвоија заедничка изјава за непролиферација на оружје за масовно уништување и тероризам.

Како дел од процесот на постепено усвојување и воведување на законодавството за заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ во домашното законодавство, Владата на Република Македонија, на својата седница одржана на 01.11.2004 година, донесе Одлука за унилатерално прифаќање на Европскиот кодекс на однесување во врска со извозот на оружје донесен на 08.06.1998 година. И покрај тоа што Кодексот е политичко- обврзувачки инструмент, а Македонија не е членка на ЕУ, Владата од тој датум ги оценува сите барања за добивање дозвола за извоз на оружје и на воена опрема во согласност со критериумите утврдени во Кодексот. Македонија исто така унилатерално ги прифати и постапува според Заедничкиот став на ЕУ 2003/468/CFSP за контрола над посредувањето во трговијата со оружје, Програмата на ЕУ за спречување и борба против незаконската трговија со конвенционално оружје и Заедничката акција 2002/589/CFSP за придонесот на ЕУ кон борбата против дестабилизирачкото натрупување и ширење на малото и лесно оружје.

Во 2003 година, Владата усвои декларација за унилатерално прифаќање на Насоките за чувствителни ракетно-релевантни трансфери во рамките на Режимот за контрола над ракетната технологија и на нивниот анекс. Владата одлучи да ги стави опремата и технологијата кои подлежат на Режимот за контрола над ракетната технологија под посебен систем на издавање дозволи.

Почнувајќи од 2002 година, Македонија е потписник на хашкиот Кодекс на однесување во врска со пролиферацијата на балистички ракети.

Република Македонија редовно доставува до Обединетите нации извештаи за Регистарот на конвенционално оружје и за воените трошоци, како и до ОБСЕ за CAT (Конвенцијата против тортура), нагазни мини, годишната/глобална размена на воени информации итн.

Република Македонија во моментов е договорна страна и во Васенар аранжманот, во Групата на земји-снабдувачи на нуклеарен материјал (NSG) и во Австралиската група, но постои интерес и за воспоставување на поблиска соработка со овие режими, вклучувајќи го и исполнувањето на критериумите за членство.

Македонија досега има доставено 2 сеопфатни и детални извештаи до Комитетот за Препораката 1540 на Советот за безбедност на Обединетите нации, последниот во јануари 2006 година.

# Дел 4 – Случувања во изминатата година

Со цел да се информира индустрискот сектор, Министерството за економија и Царинската управа, преку Стопанската комора, во јануари 2006 година организираа средба за компаниите со цел да се запознаат со Законот за контрола на извоз на стоки и технологија со двојна употреба и со придружните листи, како и воспоставување на поблиска соработка.

Во мај 2006 година, во Скопје беше одржан семинар на тема „стоки и технологија со двојна употреба", на кој беа присутни и активно учествуваа во дебатата претставници на неколку големи македонски компании и експерти од универзитетите.

# Дел 5 – Контролна листа

Што се однесува до заедничката листа на воена опрема на ЕУ, Владата на Република Македонија започна процес на нејзино интегрирање во националното законодавство.

Со цел обезбедување на транспарентност, Министерството за економија ги објави Законот за контрола на извоз на стоки и технологија со двојна употреба и придружните листи на контролирани стоки на својата интернет страница (www.economy.gov.mk).

# Анекс 1 – Дозволи за извоз на мало и лесно оружје

## 1) Одобрени дозволи за извоз на мало и лесно оружје

| ДЕСТИНАЦИЈА | МАЛО ОРУЖЈЕ | | | | | ЛЕСНО ОРУЖЈЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕВОЛВЕРИ И ПИШТОЛИ | ПУШКИ И КАРАБИНИ | ПОЛУ-АВТОМАТСКИ ПУШКИ | АВТОМАТСКИ ПУШКИ | ЛЕСНИ МИТРАЛЕЗИ | ТЕШКИ МИТРАЛЕЗИ |
| САД | | 2000 | | | | |
| SMN1[1] | | 1 | | | | |

| ДЕСТИНА-ЦИЈА | БРОЈ НА ЛИЦЕ-НЦИ | ВОЕНИ КАТЕГОРИИ НА ОБСЕ ИЛИ НА ЕУ | ВРЕД-НОСТ € | ОПИС | БР. НА ПАРЧИЊА | КОНСИГ-НАТОР / ПОЧЕТЕН ПРИМАЧ | КРАЕН КОРИС-НИК | ТИП НА КРАЕН КОРИСНИК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| САД | 1 | | | Пушки M48 и M48A | 2000 | HANCOCK GROUP USA | Увозен серти-фикат: 04-06663 of 16.08. 2004 | Сертификат издаден од министерст-вата за трговија, финансии и надворешни работи на САД. |
| SMN | 1 | | 550 | Карабини | 1 | | Застава Импекс Белград | |

## 2) Испораки на мало и лесно оружје

Види ги горните табели.

[1] Маркетиншко-продажна мрежа (Sales Marketing Network)



# 3) ТРАНЗИТИ НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

| ДЕСТИ-НАЦИЈА | ВОЕНИ КАТЕГОРИИ НА ОБСЕ ИЛИ НА ЕУ | ВРЕДНОСТ € | ОПИС | БР. НА ПАР-ЧИЊА | КОНСИ-ГНАТОР / ПОЧЕТЕН ПРИМАЧ | КРАЕН КОРИСНИК | ТИП НА КРАЕН КОРИСНИК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Австрија Грција | | | Делови од муниција калибар 155 mm | | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | Сертиф. за краен корисник бр. 375 17.09.2004 | Сертификат издаден од Министерството за одбрана на Грција |
| Грција Германија | UN No 0242 | | Експлозиви за гранати DM 72 | | RHEINMETAL WAFFE MUNITION Gmbh | RHEINMETALL WAFFE MUNITION Gmbh | Листа на пакување бр. 2005041201 13.04.2005 Министерството за одбрана на Грција |
| Норвешка Грција | UN No 0081 UN No 0072 UN No 0483 UN No 0484 | | Octogen Hexogen | 1450 kg 882 kg | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | | Транзитот не се реализирал |
| Англија Грција | UN No 0197<br><br>UN No 0454 UN No 0027 | | Сигнализи-рачки направи Црн прав Детонатори | | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | Дозвола за извоз NoUK05/0056-41 04.02.2005 | Министерство за трговија и индустрија Транзитот не се реализирал |
| САД Грција | UN No 0107 | 47.017 US$ | Детонатори | 1364 | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | | Дозвола за траен извоз на одбранбени производи |
| Германија Грција | UN No 0327 | | Муниција калибар 30 мм | | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | | WAFA дозвола |
| Англија Грција | UN No 0197<br><br>UN No 0454 | | Сигнализи-рачки направи Детонатори | | HELLENIC DEFENCE SYSTEMS S.A | | Дозвола за извоз PW DEFENCE LTD |

